

## ДВАЕСЕТ И ОСМОТО И ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТО ПОКЛОНЕНИЕ ВО РИМ И ПОКЛОНЕНИЕ ВО ЕЛВАНГЕЛ

***Во 1996 година црковната делегација беше во состав: Митропоитот Дебарско-кичевски Тимотеј, свештеник Зоран Данев и протоѓаконот Ратомир Гроздановски. Предводник на државната делегација беше и тогашниот претседател на Собранието г-динот Тито Петковски. На специјална аудиенција во папската библиотека, македонската делегација беше примена од папата Јован Павле II, кој прочита и поздравен говор на француски јазик. Особен интерес папата покажал за делото и култот на светите Климент и Наум во Македонија.***

Наредниот ден, на 24 мај, на гробот на свети Кирил Солунски митрополитот Тимотеј чиноначалствуваше со молебенот, по што државната делегација положи венец.

Црковната делегација оваа година оствари повеќе билатерални средби со високи претставници на Ватикан, како што беше средбата со кардиналот Содана, со отецот Јозеф Мај од Советот за единство на христијаните, епископот Пјер Дипре, отецот Јиржи Весели од Ватиканскиот универзитет Анџеликум. Црковната делегација ја посети и библиотеката на најголемиот католички универзитет Грегоријана.

На 1 јуни 1996 година во градот Елванген во Германија каде што свети Методиј бил затворен од 870 до 873 година, беше одбележан Денот на светите Кирил и Методиј. По свечената богослужба во чест на Браќата, присутниот Архиепископ и поглавар на МПЦ - господин, господин Михаил, со митрополитите господин Кирил, господин Горазд и протоѓаконот Александар Цандовски, одржаа беседа за грандиозното дело на Светите Браќа. Црковната делегација изврши молебен, а делегацијата на Владата на Р. Македонија беше предводена од министерката Софија Тодорова и Славе Николовски-Кати, потпретседател на Републичката комисијата за односи со верските заедници. Пред спомен-плочата беа положени венци, посебни од амбасадорот на Р. Македонија г-дин Срѓан Керим во Германија .

По беседата на поглаварот Господин, Господин Михаил, беше осветена спомен-плочата со ликот на свети Методиј, изработена во бакар и бронза од скулпторот Боро Митриќески, на ѕидот од манастирот каде што бил затечен свети Методија. На банкетот во нивна чест слово одржа господинот Буке, заменик-градоначалник на градот Елванген.




ПАНОНСКИ
ЛЕГЕНДИ
Житие на
Св.Кирил
Житие на
Св.Методиј



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**